# Д Е Л О В Н И К
# за работа на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Член 1

Со овој Деловник се уредува свикувањето на седниците, начинот на работа и постапката за одлучување на Собранието на акционерите на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во натамошен текст: Собрание).

Член 2

Одредбите на овој деловник се задолжителни за сите акционери, овластени полномошници и други лица кои присуствуваат на седниците и учествуваат во работата на Собранието.

Член 3

Општите одредби за надлежноста на Собранието, свикувањето на седниците, кворумот, работата и одлучувањето на Собранието се уредени со одредби во Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

**СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ**

Член 4

Годишното собрание се свикува со одлука на Надзорниот одбор на Банката најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Банката во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание.

Акционерите кои сите заедно имаат најмалку 10% од гласовите во Собранието на акционери, можат по писмен пат да поднесат барање до Надзорниот одбор на Банката за свикување на Собранието. Во писменото барање треба да бидат наведени причините за свикување на Собранието и предметот за кој ќе се одлучува, своето име и презиме, место на живеење, ЕМБГ, односно назив на фирмата, седиште и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Акционерите кон барањето доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во Банката.

Надзорниот одбор, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради кои што е така одлучено.

Надзорниот одбор на Банката има обврска по барање на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, да свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето. Ако, по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Надзорниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.

**ПОКАНА И ЈАВЕН ПОВИК**

Член 5

Собранието може да биде свикано со праќање на покана на сите акционери, чии акции се запишани во книгата на акции на начин кој овозможува да се потврди дека поканата е испратена до секој акционер.

Собранието може да биде свикано и со објавување на јавен повик до акционерите кој се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија, како и на насловната страница на официјалната интернет страница на Банката.

Член 6

Поканата, односно јавниот повик за одржување на седница на Собранието на Банката ги содржи најмалку следните податоци:

а) името и седиштето на Банката,

б) местото, датата и часот на одржување на Собранието,

в)опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на Собранието, а особено во однос на правото за: (1) доставување предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред, (2) поставување прашања за точките од дневниот ред, (3) овластување полномошник и постапката за гласање преку полномошник; (4) постапка за гласање со кореспонденција или електронски;

г) други формалности пропишани со Статутот на Банката што се од значење за присуството и за начинот на гласањето,

д) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за Собранието кое што е свикано,

ѓ) дневен ред на седницата на Собранието и

е) адресата на интернет-страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документите и материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување или мислење од овластен орган или тело, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање преку полномошник.

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно објавувањето на повикот за учество на Собранието до денот на одржувањето на истото не може да биде пократок од 30 дена.

Член 7

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред, со барање за вклучување нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложените за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас имаат право по писмен пат да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки од дневниот ред на собранието коешто е свикано и предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот што го свикал собранието на акционери во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието или од денот кога е испратена поканата..

Органот што го свикал Собранието го објавува уредно доставеното барање за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано Собрание, на ист начин на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

Член 8

Материјалите кои ќе бидат доставени на одлучување на седницата на Собранието на Банката, мора да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик.

Во периодот кој не може да започне подоцна од триесетиот ден пред денот на одржување на седница на Собранието, како и на денот на одржување на седницата на Собранието, Банката на својата интернет страница ги објавува најмалку следните информации:

- Содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на собрание на акционери;
- Вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;
- Документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието на акционери;
- Предложените одлуки од акционерите кои Банката веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави;

Обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со коресподенција подготвени за превземање електронски од страна на акционерите. Право на давање предлози и расправање по точките од дневниот ред имаат сите акционери, а право на гласање по точките од дневниот ред имаат акционерите кои се сопственици на акции со право на глас.

Член 9

Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред на седницата.

Собранието на акционери може да расправа без право на одлучување и за прашања кои не се ставени на дневен ред на Собранието.

## ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Член 10

Секој акционер запишан во акционерската книга се стекнува со право на учество во Собранието и со право на глас.

Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието со давање полномошно во писмена форма,заверено на нотар.

За даденото полномошно, акционерот треба веднаш да ја извести Банката, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Банката ќе утврди образец на полномошно кој ќе биде достапен за преземање од интернет-страницата на Банката.

Банката може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на дадени инструкции за гласање. Акционерите можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин. Банката им обезбедува на акционерите

користење електронски систем преку кој ќе можат да се регистрираат, да овластат свои полномошници и да им даваат инструкции за гласање.

Полномошникот на акционерот ги има следните права и обврски:

- да гозастапува акционерот во работата на Собранието;
- да биде известен за работата и работењето на Банката, како и за прашања за кои одлучуваат во Собранието;
- да учествува во работата на седниците на Собранието и да одлучува за прашања кои се на дневен ред;
- да учествува во расправата, да предлага конкретни решенија и дополнувања на актите за кои се одлучува;
- да гласа за секој предлог (доколку во полномошното за овластен полномошник не се наведени ограничувања во гласањето);
- да поставувапрашања и да даваат иницијативи и предлози.

Полномошникот на акционерот има право во текот на расправата по одделни точки од дневниот ред да бара образложенија и потребни податоци за остварување на своите овластувања.

Член 11

Акционерите имаат право да поставуваат прашања по секоја од точките на дневниот ред на Собранието, а Банката е должна да одговори на поставените прашања. Обврската на Банката да одговори на поставените прашања е претходно условена од потребата со потврдување на личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања, одржувањето ред во работата на Собранието и зачувување на доверливоста во работењето, принципите на банкарска и деловна тајна, како и деловните интереси на Банката.

Прашањата и одговорите се објавуваат на интернет-страницата на Банката во формат на прашање и одговор.

Член 12

Полномошникот на акционероткој мора заради неодложни обврски да излезе од седницата пред нејзино завршување, своето излегување го пријавува на местото каде што го пријавил и присуството на седницата.

**ПРИЈАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИСУСТВО НА СОБРАНИЕТО**

Член 13

Секој акционер го пријавува своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Пред почетокот на седницата на Собранието, на акционерите на увид им се доставуваат следните списоци:

- список на пријавени и присутни акционери, лично или преку полномошник,
- список на акционери кои гласале со кореспонденција, и
- список на акционери кои гласале со електронски средства
- списоците наведени во став 2 од овој член се споредуваат со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар на хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржување на седницата на Собранието.

Пред одржувањето на Собранието, секој присутен акционер, односно полномошник на акционер го потпишува списокот на пријавени и присутни акционери со што го потврдува - верификува своето присуство на Собранието на акционери.

Списоците наведени во став 2 од овој член со свој потпис, го заверуваат претседавачот со Собранието и записничарот.

По заверката на списоците, претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа.

Заверените списоци им се даваат на увид на сите учесници на Собранието на акционери пред првото гласање.

Член 14

На барање на верификуван (присутен) акционер на Собранието, може да се даде копија на потпишаните списоци на негов трошок.

Трошокот за бараната копија на потпишаните списоци не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

**РАБОТА НА СОБРАНИЕТО И МНОЗИНСТВО СО КОЕ СЕ ОДЛУЧУВА**

Член 15

Собранието својата функција ја извршува на седници. Седниците на Собранието се јавни. Во случаи кога предметот на одлучување е деловна тајна, Собранието може да одлучи јавноста да не присуствува на седницата.

Член 16

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, при што се смета дека во работата на собранието на акционери учествуваат акционери кои се присутни на седницата на собранието на акционери (лично или преку полномошник), како и акционерите кои гласале со електронски средства или со кореспонденција, освен ако во законот и Статутот не е определено поголемо мнозинство.

Член 17

Доколку на закажаната седница на собранието на акционери не се обезбеди кворумот за работа во согласност со член 14 од овој деловник, на ист начин како што е закажано неодржаното собрание се презакажува ново собрание на акционери со термин за одржување не подолг од 15 дена од денот на неодржаното собрание.

Не се пријавува повторно учеството на презакажаното собрание на акционери, но, пред да се започне со работа, секој присутен акционер го верификува своето присуство со потпишување на списокот на пријавени акционери, а потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа.

На презакажаното собрание се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на присутните акционери и бројот на акциите коишто ги имаат.

На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашања за коишто во согласност со закон се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од членот 19 од овој деловник.

Член 18

Собранието на Банката донесува одлуки со мнозинство од гласовите на сите присутни или преставени акционери, освен ако со закон и Статутот на Банката не е предвидено поголемо мнозинство, или не се пропишани други услови во однос на мнозинството со кои се донесуваат осулите на собранието на Банката..

Собранието на Банката донесува одлука за измени на статут со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас , а одлука за зголемување на основна главнина, одлука за намалување на основна главнина и одлука за емисија на акции со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

**ВОДЕЊЕ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО**

Член 19

Со седницата на Собранието раководи Претседавач, кој се избира на секоја седница на Собранието.

За претседавач со Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер.

За претседавач со Собранието не може да биде избран член на орган на управување на Банката.

Мандатот на претседавачот на Собранието трае до изборот на новиот претседавач на наредното Собранието коешто треба да биде одржано.

Член 20

Претседавачот ги има следните права и обврски:

- ја води седницата на Собранието;
- ги потпишува одлуките, записникот и другите акти на Собранието;
- се грижи за правилно спроведување на овој Деловник.

Член 21

Расправата по точките од дневниот ред го отвора претседавачот со Собранието, по редот утврден во дневниот ред, доколку Собранието на акционери не одлучи поинаку.

Заради сродноста на точките од дневниот ред, Собранието може да одлучи, да води заедничка расправа по повеќе точки од дневниот ред, но гласањето по истите се спроведува поединечно.

22

Претседавачот дава збор на пријавените за дискусија по редот на пријавувањето, при што пријавениот дискутант има право да дискутира само по однос на прашањето што е предмет на претресот.

Во случај ако дискутантот се оддалечи од прашањето кое е предмет на дискусија, Претседавачот ќе го предупреди дека не може да дискутира за прашања кои не се во врска со точката која е на дневен ред.
Доколку дискутантот не постапи по предупредувањето, претседавачот може да го прекине во понатамошното излагање по точката од дневниот ред

Член 23

Кога претседавачот на Собранието ќе констатира дека дискусијата по точката од дневниот ред е завршена и дека нема повеќе дискутанти, ќе предложи гласање.

По извршеното гласање, претседавачот ги соопштува резултатите од гласањето со податоци за тоа колку гласале „ЗА“, „ПРОТИВ“ и бројот на „ВОЗДРЖАНИ“.

Член 24

Претседавачот со Собранието на акционери, по исцрпувањето на дневниот ред, ја заклучува седницата на Собранието.

**ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРЕКИНАТА СЕДНИЦА**

Член 25

Доколку дојде до прекин на седница на Собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на Собранието можат да одлучат Собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на Собранието.

Одложувањето не може да биде подолго од 8 дена од денот на прекинот.

Ако дојде до прекин на седница на Собрание што започнало со работа, а Собранието не донело Одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот 1 од овој член, претседавачот со Собранието го определува времето и местото на продолжување на прекинатата седница на Собранието.

Член 26

Учеството на продолжувањето на прекинатата седница на Собранието не се пријавува повторно. Акционер кој не го пријавил учеството на Собранието чијашто седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седница според состојбата во акционерската книга.

На почетокот од работата на продолжената седница на Собранието се пристапува кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно на полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолженито на прекинатата седница на Собранието.

Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат претседавачот со Собранието и записничарот. По заверувањето на списокот претседавачот со Собранието

го констатира кворумот за работа на продолжението на прекинатата седница на Собранието.

Заверениот список од ставот 3 на овој член им се дава на увид на сите учесници на продолжението на прекинатата седница на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.

Член 27

Ако на продолжената седница на Собранието нема кворум за работа или таа не се одржи во рокот од 8 дена од денот на прекинот, се закажува ново Собрание на акционери.

Член 28

Одлуките донесени на Собранието на акционери коешто по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на којашто продолжило да работи Собранието, се расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по коишто не е одлучувано.

## НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

Член 29

Гласањето на Собранието на акционери по правило е јавно, со кревање на рака, така што Претседавачот ги повикува акционерите, односно полномошниците на акционерите да се изјаснат кој е „за“ предлогот, потоа кој е „против“ предлогот и на крај дали некој е „воздржан“ од гласањето.

Доколку ваквото гласање не биде сигурно, Претседавачот може да одреди гласањето да се изврши и со прозивање, според списокот на акционерите во кој е внесен и бројот на гласовите што тие го имаат според акциите.

По барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број акции со право на глас се пристапува кон тајно гласање.

За броење на гласовите, Собранието на акционери избира најмалку еден бројач на гласови.

Член 30

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец кој во оригинал ќе биде примен во Банката најдоцна еден ден пред денот на одржување на седницата на Собранието.

Банката на својата интернет-страница ги објавува обрасците за гласање со коресподенција, описот на постапката, потребната документација за идентификација на акционерите и датумот до кој мора да биде примен образецот за гласање.

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТАЈНО ГЛАСАЊЕ

Член 31

Тајното гласање го спроведува комисија за спроведување тајно гласање избрана со одлука на Собранието на акционери.

Комисијата е составена од најмалку 3 члена од редот на акционерите.

Во комисијата не може да се избере акционер кој е член на Надзорниот одбор на Банката, ниту претседавач на Собранието на акционери на коешто се врши тајното гласање.

Комисијата за спроведување на тајното гласање е должна да работи непристрасно и праведно.

Член 32

Комисијата ја определува содржината на гласачките ливчиња, се грижи за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерира гласачките ливчиња, ги пребројува гласовите и поднесува писмен извештај за спроведеното тајно гласање во кој утврдува колку ливчиња биле употребени за спроведеното тајно гласање, колку ливчиња останале неупотребени и ги утврдува резултатите од гласањето.

Извештајот за спроведеното тајно гласање го потпишуваат сите членови на комисијата.

## ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Член 33

За работењето на седницата на Собранието се води записник кој содржи:

- Банката и седиштето на Банката
- реден број на седницата на Собранието;
  датум и место на одржување на седницата на Собранието, време напочнување и завршување на седницата;
- име и презиме на Претседавачот со Собранието и другите тела на Собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;
- дневен ред на Собранието;
- број на присутни акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;
- расправата водена на Собранието;
- значајни настани на Собранието, како и поднесените предлози;
- име и презиме на дискутантите, битна содржина од дискусијата и дадените предлози;
- одлуките на Собранието, бројот на гласови „ЗА“ и „ПРОТИВ“ и бројот на „ВОЗДРЖАНИТЕ“ гласови;
- издвоено мислење, оградување или противење на акционер, или полномошник на акционер на некоај одлука, ако тоа мислење, оградување или противење е изјавени;
- евентуално прекинување на седницата на Собранието и датата за нејзино продолжување.

Член 34

За записничар и заверувач на записник не може да биде избран член на Надзорниот одбор на Банката, ниту претседавачот на Собранието.

Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржување на Собранието и истиот го потпишува записничарот, претседавачот на Собранието и заверувачи.на записникот.

Член 35

Секој акционер може да бара издавање копија на записникот од Собранието на негов трошок.

Трошокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

Член 36

Ако Собранието одлучува за измена на податок што согласно Законот за трговски друштва се запишува во трговскиот регистар, записникот го води Нотар, кој ќе го изготви Записникот во рок од три дена на одржувањето на Собранието и него го потпишува Нотарот и претседавачот на собранието.

Копијата од претходниот став ја дава нотарот кој го водел записникот.

Член 37

Записникот, материјалите од дневниот ред, како и целокупната документација на Собранието се од траен карактер

Член 38

Стручната служба на Банката ги врши организациските, административните и техничките работи, потребни за непречена работа на Собранието на Банката.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 39

За правилна примена на овој деловник се грижи Претседавачот на Собранието.

Член 40

Измени и дополнувања на овој Деловник ги усвојува Собранието на акционери на Банката, на налин и постапка како за негово донесување

Член 41

Деловникот влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на акционери на Банката.

Собрание на УНИБанка АД Скопје

Претседавач